# Правила за пресметување и објавување на меѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити (MKDONIA)

## I. Основни одредби

Член 1

Со овие Правила се утврдува начинот и постапката за пресметување и објавување на меѓубанкарска каматна стапка MKDONIA (Macedonian Denar Overnight Index Average).

Член 2

Поимите употребени во овие Правила го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| **Референтна банка:** | е банка која има добиено статус на референтна банка, согласно член 5 од Правилата за пресметување и објавување на меѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити SKIBOR. |
| **MKDONIA - Macedonian Denar Overnight Index Average:** | е меѓубанкарска каматна стапка за склучени трансакции преку ноќ од страна на референтните банки како продавачи на денарски депозити. |
| **Трансакција преку ноќ** | е трансакција која е порамнета на денот на склучување со рок на достасување до следниот работен ден. |

## II. Пресметување на меѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити MKDONIA

Член 3

Меѓубанкарската каматна стапка МКДОНИА се пресметува врз основа на известувања од референтните банки за склучени трансакции кои ги исполнуваат следниве услови:

- трансакции преку ноќ на меѓубанкарскиот пазар на денарски депозити кои се порамнети на денот на склучување со рок на достасување до следниот работен ден;

- трансакции преку ноќ кои референтните банки како продавачи на депозити ги склучиле со сите банки (референтни и останати) на меѓубанкарскиот пазар на депозити;

- неколатерализирани трансакции преку ноќ.

Член 4

Меѓубанкарската каматна стапка MKDONIA се пресметува како пондерирана просечна каматна стапка, така што каматната стапка од секоја поединечна трансакција се пондерира со соодветниот паричен износ.

Меѓубанкарската каматна стапка MKDONIA се прикажува со 2 децимални места.

## III. Известување за склучени трансакции преку ноќ на пазар на депозити

Член 5

За пресметување на меѓубанкарската каматна стапка MKDONIA референтните банки доставуваат податоци за износот и каматната стапка за секоја поединечна трансакција преку информативниот систем Tenfore Banking Package.

Референтните банки ги потврдуваат податоците за склучените трансакции преку информативниот систем Tenfore Banking Package најдоцна до 16:45 часот тековниот работен ден.

Референтните банки известуваат и во случај кога нема склучени трансакции.

Член 6

Во случај на технички проблеми со информативниот систем Tenfore Banking Package, референтните банки доставуваат по факс известување за склучените трансакции до Народна банка најдоцна до терминот утврден во став 2 член 5.

Известувањето од став 1 на овој член референтните банки го доставуваат на пропишан образец, кој е составен дел на овие Правила (Прилог 1).

Член 7

Референтните банки треба да бидат расположливи за контакт до моментот на објавување на меѓубанкарската каматна стапка MKDONIA.

## IV. Објавување на меѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити MKDONIA

Член 8

Пресметаната меѓубанкарската каматна стапка MKDONIA, заедно со вкупниот износ на склучени трансакции преку ноќ, се објавува на информативниот систем Tenfore Banking Package до 17:00 часот тековниот работен ден.

MKDONIA се објавува и на интернет страните на АЦИ Македонија, Стопанска комора на Македонија, Народна банка на Република Македонија и на Tenfore.

Член 9

Податоците за меѓубанкарската каматна стапка MKDONIA се дефинитивни по нивното објавување.

## V Завршни одредби

Член 10

Одборот за контрола на референтни банки воспоставен согласно *Правилата за пресметување и објавување на меѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити (SKIBOR)* го следи исполнувањето на *Правилата за пресметување и објавување на меѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити (MKDONIA)* од страна на референтните банки.

Член 11

Доколку одредена референтна банка не известува за склучените трансакции, должна е да достави писмено објаснување за причините до Одборот за контрола на референтни банки.

Во случај кога референтна банка повеќе пати не известува за склучените трансакции, Одборот за контрола на референтни банки може да í го одземе статусот на референтна банка.

Член 12

Правилата стапуваат на сила по потпишување од страна на овластени лица во инволвираните институции.

Правилата се потпишуваат во четири примероци, од кои по еден добиваат АЦИ Македонија, Здружението на банкарството при Стопанска комора на Македонија, Tenfore и Народна банка на Република Македонија.

Секоја референтна банка добива копија од потпишаните Правила.

Потписници:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | АЦИ Македонија Здружение на Финансиски пазари - Претседател | |
| 2. | Здружение на банкарството при Стопанска комора на Македонија - Претседател | |
| 3. | Europoint Systems Tenfore Banking Package - Директор | |

**Прилог 1. Образец за известување за склучени трансакции преку ноќ за пресметување на меѓубанкарска каматна стапка MKDONIA**

**Склучени трансакции на меѓубанкарски пазар на депозити од ________________ (назив на банка) на ден __________ година**

| Р.б. | Опис | Тип |
|---|---|---|
| 1 | матичен број на продавач | an(7) |
| 2 | матичен број на купувач | an(7) |
| 3 | датум на склучување | d(dd.mm.gggg) |
| 4 | датум на порамнување | d(dd.mm.gggg) |
| 5 | Износ (во денари) | n(18.2) |
| 6 | Каматна стапка | n(18.2) |
| 7 | Рок | n(3) |
| 8 | Датум на достасување | d(dd.mm.gggg) |
| 9 | Колатерал | an(2) |

ан- алфанумерички податок
д- датумски/временски податок
н- нумерички податок

Датум Потпис и печат

_________